Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа

Бр. 09-1607б/1
26.02. 2024 г.
ОХРИД

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) Општина Охрид објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за вработување работник**

Општината Охрид има потреба од вработување работник на неопределено време и тоа:

Одржувач на улично осветление УПР 04 01 Б03 001 ................................ 1(еден) извршител

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- завршено најмалку Вишо /Инженерство и технологија (Електротехника, електроника и информациско инженерство) или средно стручно образование (електро струка)
- со или без работно искуство.

Кон пријавата кандидатите е потребно да достават: кратка биографија и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место.

**Напомена:** Заинтересираните кандидати задолжителните докази ги доставуваат во оригинал или заверен препис.

Неделното работно време е од понеделник до петок, 8 (осум) работни часа од 08:00 до 16:00 часот.

Нето платата изнесува 26.800,00 денари.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавување на огласот.

Огласот ќе биде огласен на веб страницата на Општина Охрид и во два дневни весници Вечер и Лајм.

Изборот за огласените работни места ќе се изврши во рок од 10 ( десет) работни дена сметано од денот на истекот на рокот за пријавување.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат земени за разгледување.

Пријавите со потребната документација треба да се доставaт на адреса: Општина Охрид ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид ( со назнака "За Јавен оглас" ).

Градоначалник
Кирил Пецаков

Одобрил:Секретар Александар Китески
Контролирал:Раководител Лидија Грданоска
Изготвил:Помлад соработник Владимир Ристески